**Известување за концентрација со која ОСИ ЕВРОПА ФУДВОРКС ГмбХ, Германија ќе стекне контрола над Вион Валдкраибург ГмбХ, Германија (предмет бр. 08-85/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 15.05.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која ОСИ ЕВРОПА ФУДВОРКС ГмбХ, со регистрирано седиште на адреса Сенфелдерштрасе 17 а, 86368, Герстхофен, Сојузна Република Германија ќе стекне единствена контрола над Вион Валдкраибург ГмбХ, со регистрирано седиште на Траунројтер Штрасе 7, 84478 Валдкраибург, Сојузна Република Германија, по пат на купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

ОСИ ЕВРОПА ФУДВОРКС ГмбХ е подружница на ОСИ Интернешнл Холдинг ГмбХ, кое пак е крајно контролирано од ОСИ Груп, ЛЛЦ (во понатамошниот текст: „ОСИ Групација"). ОСИ Групацијата е глобален снабдувач со храна и давател на приспособени решенија за храна со седиште во САД, првенствено за индустријата за прехранбени услуги и малопродажба. Производственото портфолио на ОСИ Групацијата вклучува говедско, свинско и пилешко месо, алтернативи на база на растенија и сосови. Дополнително, ОСИ Групацијата врши активности поврзани со кожи и други нуспроизводи од колење.

ОСИ Групацијата нема поврзани лица во Република Северна Македонија, но има остварено приходи во Република Северна Македонија.

Вион Валдкраибург ГмбХ е целосно контролирано од холандската Вион групација, група на друштва чиј краен матичен субјект е Вион Холдинг Н.В. Вион Валдкраибург ГмбХ закупува и управува со кланица за колење на говеда, како и за последователна селекција, обескостување и пакување на говедско месо. Друштвото главно ги снабдува меѓународните и германските производители на замрзната и готова храна, како и германските трговци на мало.

Вион Валдкраибург ГмбХ нема поврзани правни лица во Република Северна Македонија, ниту има остварено приходи на територијата на Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар на набавка на живи говеда за колење, пазар на преработка и конзервирање на говедско месо, како и пазар на големопродажна дистрибуција на говедско месо и производи од говедско месо во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на*

*заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

21.05.2026 година
Скопје